# СЛУЖБЕ Н  Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 7<br><br>07.06.2023** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), член 14 став (1) точка (39) од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на седица што ќе се одржи на ден 06.06.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За прогласување на природна непогода на дел од територија на**

**Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крива Паланка прогласува природна непогода (по обилни врнежи) на дел од територија на Општина Крива Паланка (нас.Белево).

**Член 2**

За утврдување на настанатата штета која се јави како резултат на пороен дожд, Комисијта за процена на штети ќе направиди увид во законскиот рок за утврдување на штета, по поднесено Барање од граѓаните и ќе изготви извештај кој ќе биде доставен до Советот на Општина Крива Паланка и Владата на Република Северна Македонија .

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка “.

**Бр.09-2772/3**
**06.06. 2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за прогласување на природна непогода на дел од територија на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за прогласување на природна непогода на дел од територија на Општина Крива Паланка ,што Советот ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 06.06.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2772/4**
**07.06.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 36 став (1) точка (15) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на штета настаната од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/05....194/19), член 14 став (1) точка (34) и (38) од Статутот на Општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21 ,01/23 и 05/23), Советот на Општина Крива Паланка на ден 06.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Решение се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка , во следниот состав:

- Даниел Анѓеловски, претседател - преставник од совет;
- Моме Крстевски, член - преставник од совет;
- Никола Граматиков, член - вработен во администрација;
- Марјан Алексовски, член - вработен во администрација и
- Драган Цвијовиќ, член - вработен во администарција.

**Член 2**

При процена и утврдување на висината на штетата, Комисијата ќе ја применува Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/2021).

Проценетите штети, Комисијата ги евидентира на пропишани обрасци и табели согласно Методологија.

**Член 3**

Комисијата во својата работа ќе соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции и по потреба ќе ангажираат и стручни лица – експерти од соодветната област по претходно добиена согласност од Градоначалникот на Општина Крива Паланка .

**Член 4**

Процената и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

**Член 5**

За својата работа Комисијата изработува Извештај за процената на штетите во вид на елаборат согласно Методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи и истиот го доставуваат до Советот на Општина Крива Паланка на разгледување и усвојување и до Владата на Република Северна Македонија.

**Член 6**

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Крива Паланка “.

**Бр.09- 2772/5**
**06.06.2023 година**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Решение За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Решение За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на вонредната седница, одржана на ден 06.06.2023 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –2772/6**
**07.06.2023 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Сашко Митовски с.р**

**Ред** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

1.Одлука за прогласување на природна непогода на дел од територија на Општина Крива Паланка ..........................................................................................................................1

2.Заклучок за објавување на Одлука за прогласување на природна непогода на дел од територија на Општина Крива Паланка ..........................................................................................2

3. Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка ..3

4.Заклучок за објавување на . Решение за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Крива Паланка ...............................................................................................................4